Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

Црвен крст на град Скопје објавува:

# ПОВИК

за ангажирање на социјален работник

**Вовед:**

Веќе дваесет години во континуитет, Црвен крст на град Скопје е партнер на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), во Скопје. Партнерството првично се фокусираше на подобрување на животот на бегалската заедница од косовската криза во 1999 година, а подоцна со фокус на помош на бегалците и на другите лица на кои им е потребна меѓународна заштита кои доаѓаат од трети земји и влегуваат во земјата во рамките на мешаниот проток на миграција.

Социјалната интеграција на барателите на азил и бегалците во 2020 година е однапред дефиниран приоритет со цел одговор и координиран пристап со надлежните органи по ова прашање. Со реализација на низа активности со сферата на интеграција, ќе се работи на остварување на целта на проектот- Застапување и заштита на правата на оваа група. Со остварување на поставената цел, ќе го олесниме процесот на интеграција на бегалци и баратели на азил во РСМ преку нудење помош од обучени лица за ова прашање, поддршка од локалните авторитети (локална самоуправа) и сензитивизирање на јавноста за ова прашање. Преку остварување на оваа цел, очекувани се низа промени по ова прашање и тоа:

- олеснет пристап до системот на социјална, здравствена заштита на популацијата која е цел на проектот;
- подобрување на личните вештини на секој поединец со цел полесен пристап на пазарот на труд, преку менторски систем со обучени волонтери на Црвен крст ќе се придонесе за подобро прифаќање и вклопување во локалниот контекст на РСМ;
- полесна интеграција на децата преку креирање на сет активности преку кои полесно ќе комуницираат со нивните врсници и целокупната заедница во нашата земја.

**Профил и квалификации:**
- Завршено високо образование во областа на социјалната работа;
- Минимум 2 години работно искуство како социјален работник, пожелно на наведената проблематика;
- Добро познавање на системот за социјална заштита во Република Северна Македонија (права и институции од системот на социјална заштита и законски регулативи за баратели на азил и мигранти);
- Желба за работа без предрасуди и позитивен пристап кон мигранти/бегалци и баратели на азил.

**Вештини и способности:**
- Одлично познавање на македонски јазик (пишан и говорен);
- Одлично познавање на англиски јазик (пишан и говорен);
- Познавање на алатките на Microsoft Office (Word, Excel итн.);
- Способност за опсервација, внимание на детали и точност;
- Искуство во профилирање на потреби и вештини на целната група со која ќе работи;
- Искуство со работа во тим;
- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини;
- Одлична способност за изработка на квантитативни и наративни извештаи;
- Флексибилност и достапност за работа согласно потребите на проектот временски и просторно;
- Ефикасно користење на работното време;
- Способност за ефективна соработка со партнерите и почитивање на хиерахиска поставеност при делегирање на задачи.

**Опис на работни задачи:**
- Опсервација, профилирање и следење на имплементација на програмата за интеграција на барателите на азил во РСМ;
- Изрботка на индивидуални планови за интеграција на деца и возрасни;
- Координирање на активностите за интеграција со младински координатори на Црвен крст на територија на град Скопје;
- Реализација на инивидуални и групни средби за водење на социјални разговори со целната група;
- Остварување на интензивна соработка со МТСП, АВРСМ, МЦСР Скопје, Завод за социјални дејности – Скопје, единици на локална самоуправа, локални училишта и други институции од областа на социјална и здравствена заштита во системот на РСМ;
- Олеснување на процесот на интеграција на барателите на азил во РСМ преку нивна мотивација и унапредување на нивните персонални и работни вештини;
- Водење на административна документација за секој корисник;
- Препознавање на можни ризици и потреби на целната група и препраќање до соодветни институции т.е. поврзување со институциите и организациите во државата;

- Помош и поддршка во остварување на одредено право од областа на социјалната и здравствена заштита и помош при вадење на потребни документи;
- Изготвување на месечни и периодични извештаи;
-Редовна комуникација со координаторките на проектот во Црвен крст на град Скопје.

**Придобивки за кандидатите кои ќе бидат селектирани:**
- Можност за работа во меѓународна хуманитарна организација и соработка со партнерите од UNHCR;
- Можност за кариерен развој во дадената област.

**Времетраење на договор:** 12 месеци, полно работно време (40 часа неделно)

**Почеток на работен ангажман:** Јануари 2020 г.

**Месечен паричен надоместок:** 31 000 мкд – Бруто износ

Заинтересираните кандидати е потребно да испратат своја кратка биографија (CV) и писмо за мотивација на следната е-маил адреса: skopje@redcross.org.mk, **не подоцна од 23.12.2019 до 12:00 часот.** Лицата кои ќе бидат селектирани ќе бидат поканети на понатамошно интервју.